Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-1900/1
22.05.2020 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 56- та седница на**
**Советот на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 29.05.2020 година (петок) во просториите на Општина Велес со почеток во 12:00 часот.

Одржувањето на оваа седница со членовите на Советот ќе биде преку конференциска врска со употреба на интернет комуникацијата со софтверска алатка преку Cisco WebExMeeting, согласно Уредбата за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа.

Усвојување на Записник од 55-та седница на Советот на Општина Велес

За седницата го предлагам следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог-одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес.
2. Предлог-одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Г2 (лесна индустрија), Г3 (сервиси) и Г4 (стоваришта) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино Село.
3. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реоните на општинските основни училишта во Општина Велес.
4. Предлог-одлука за спроведување на пилот проект „МОЕ МЕСТО-МОЈА ГРИЖА“ во населеното место с. Горно Оризари, Општина Велес.
5. Предлог-правилник за изменување Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“.
6. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2020 година.
7. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2020 година.
8. Предлог- програма за изменување и дополнување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2020 година.
9. Предлог- програма за изменување и дополнување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2020 година.
10. Предлог- програма за изменување и дополнување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2020 година.
11. Предлог- програма за изменување и дополнување на Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2020 година
12. Информација за актуелните состојби со паркирање на возила на Езеро Младост.
13. Информација за можностите за уредување на Првата плажа на Езеро Младост.

**Напомена:** Материјалот по точките 7,8,9,10 и 11, ќе Ви бидат доставени во вторник (26.05.2020година),

Претседател
на Советот на Општина Велес
Ненад Коциќ с.р.